РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМИ ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

БР. 03-1638/2
од 02.05.2018год.
Прилеп

Врз основа на член 24 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 51/2005, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 70/13),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета по Предлог Детален Урбанистички План за четврт 7, блок 7.4, плански опфат 1, КО Прилеп, ОПШТИНА ПРИЛЕП ( дел од ДУП за УЕ13, УБ13.03, плански опфат 1, по стара номенклатура на ГУП 2011-2021)**

- од запад со осовина на ул. "Ристе Ристески Ричко",
- од југозапад со ул. "Ордан Чопела", од југоисток со ул. "Александар Македонски",
- од североисток со ул. "Борка Талески",
- од север со речното корито на река Ореовечка.

Опфатот е со површина од 3,2ха.

Повторната јавна анкета и јавната презентација по четврт 7, блок 7.4, плански опфат 1, КО Прилеп, ОПШТИНА ПРИЛЕП (дел од ДУП за УЕ13, УБ13.03, плански опфат 1, по стара номенклатура на ГУП 2011-2021), ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Прилеп.

Повторната јавна анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 09.05.2018г. до 18.05.2018г. секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.
Во спомenатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Повторната јавна презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 18.05.2018 година во 13:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Илија Јованоски**